# Упатство за внесување состојби

Во делот Состојба на броило на веб сајтот https://jpisar.com.mk има можност за електронско внесување на состојбата на броилото за тековниот месец. Согласно изготвувањето на сметките, состојбата може да се внесе најдоцна до 25-ти во месецот. Слика 1.




Слика 1

Потребно е да се внесе валиден број на фактура (фактурата мора да постои во системот). Доколку се внесе број на фактура кој не е валиден се добива соодветна порака. Со внесување на бројот на фактура доколку за соодветниот корисник постои внесен email во системот автоматски се пополнува тоа поле со точниот email.

Со кликнување на копчето Потврди се добива екран со сите потрошни места за најавениот корисник. Слика 2.




Слика 2

Во табелата која се добива со најавата се прикажуваат податоци за шифрите на сите потрошни места кои ги има најавениот корисник, адреса на корисникот, број на водомер на секое потрошно место, податок за последно внесената состојба во системот, поле за внесување на новата состојба, поле за прикачување на фотографија од броилото (состојбата на броилото). На копчето Внеси успешно се внесува состојбата за избраното броило.

Со тоа успешно е внесена состојбата .